**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk


Бр. ____________

________________

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 464-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 15.11.2023 година**

Седницата се одржа на ден 15.11.2023 година со почеток во 10,25 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател и Член на Советот
- **Мери Радевска**, Член на Советот
- **Антоанета Димовска** Член на Советот
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот
- **м-р Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Мирсад Суроји**, Член на Советот
- **Весна Дамева,** Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, Член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Член на Советот

Отсутни членови:

- **Кренар Лога** , Министер за правда –уредно поканет
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд на РСМ- уредно поканет (со известување доставено преку емаил адресата на Советот на ден 15.11.2023 година во 09,09 часот дека поради закажана средба со новиот претседател на Апелациониот суд Штип, нема да присуствува на денешната седница)

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секретар
- **Јулијана Георгиевска** , државен советник
- **Александра Шоптрајанова** , помлад соработник
- **Вера Андрејчин,** советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако го констатира присуството и отсуството на членовите на Советот, го изложи Дневниот ред за 464-та седница, и отвори расправа по предложениот Дневниот ред.

За збор се јави заменик претседателот и член на Советот Ханиф Зендели и предожи дополнување на дневниот ред со нова точка 2 кон дневниот ред –Разгледување на одлука на Управен суд , поради рок за постапување .

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по предлог дополнување на Дневниот ред. Откако се констатира дека никој не се јави за збор, претседателот на Советот Сашко Георгиев предложениот Дневниот ред со дополнување на точка 2 го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ е усвоен следниот :

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на судии на Апелационен суд Скопје
2. Разгледување на Одлука на Управен суд
3. Разно

**Точка 1**
**Избор на судии на Апелационен суд Скопје**

По 1-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев врз основа на законските надлежности на Советот согласно одредбите во Законот за судови и согласно подзаконските акти во врска со начинот на спроведување на постапката за избор на 8 судии за Апелациониот суд Скопје и тоа 4 судии за кривична област и 4 судии за граѓанска област наведе дека Судскиот совет формира Комисија за рангирање на кандидатите за избор на судии во повисок суд , за што му даде збор на членот на Советот Селим Адеми-претседателот на Комисијата за рангирање на кандидатите која ја спроведе постапката за рангирање на кандидатите за избор на судии на Апелациониот суд Скопје .

Членот на Советот Селим Адеми наведе дека Судскиот совет на Република Северна Македонија објави оглас за избор на 8(осум) судии на Апелационен суд Скопје и тоа 4 (четири) судии за кривична област и 4 (четири) судии за граѓанска област, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.154/21. Со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр. 02-555/1 од 30.03.2022 година се формира Комисија за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд, претседател на суд и судии во основен суд по огласот објавен во "Службен весник на РСМ" бр.154/21 во состав: м-р Селим Адеми, претседател; Весна Дамева и Мери Радевска, членови на Комисијата. Комисијата за рангирање на кандидати на ден 11.04.2022 година одржа состанок и по однос на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите кои се јавиле на огласот поднесе Извештај бр. 09-851/1 од 11.05.2022 година по кој Судскиот совет расправаше на 402-та седницата одржана на ден 17.05.2022 година и констатира дека треба да се продолжи постапката за сите пријавени кандидати по огласот за избор на 8 судии во Апелациониот суд Скопје . Комисијата за рангирање на кандидати врз основа на член 2 став 1 алинеја 4 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд бр. 01-245/1 од 04.02.2020 година, состави Кандидатска листа на кандидати за избор на 8 (осум) судии на Апелационен суд Скопје, заведена во Советот под бр.09-55/3 од 17.05.2023година.Во однос на исполнување на критериумите од членот 3 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд Комисијата за секој кандидат ги прибави потребните податоците од Академијата за судии и јавни обвинители, од претседалот на судот во кој судијата ја извршува судиската функција , дополнително ги побара податоците од кандидатите , присуствуваше на расправите во судот и изврши увид во предметите по кои постапувале судиите .Согласно на евиденцијата во Судскиот совет за кандидатите судии кои го имаат положено психолошкиот тест и тест на интегритет вв со членот 45 од Законот за судовите каде судијата треба да поседува интегритет и социјални способности за вршење на судиската функција Комисијата организира тестови за интегритет и психолошки тест за кандидатите кои немаа потврда дека го положиле тестот со важност во претходните 4 години до денот на огласот.Полагањето на психолошки тест и тест за интергитет се спроведе во периодот од 18.10 - 20.10.2023 година во просториите на Агенцијата ВИСТА и Психолошката лабораторија при Институтот за социолошки и политичко- правни истражувања при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" достави стручно мислење изготвено на ден 24.10.2023 година согласно кое секој од кандидатите се препорачува за избор на судија во повисок суд .

По однос на законскиот услов од членот 46 став 1 т.3 од Законот за судовите каде кандидатот треба да биде оценет со позитивна оцена, Комисијата при бодување ги зема крајните оцени од вонредното оценување на работата на кандидатите за 2019 година и 2020 година согласно на член 77 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ кои се усвоени на 417- та седницата одржана на ден 19.10.2022 година.Врз основа на член 11 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, Комисијата на записник заведен под бр.09-1698/1 од 04.09.2023 година за секој критериум од членот 3 од правилникот на кандидатите по огласот им додели поените на пополнет образец за бодирање . Комисијата согласно членот 12 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидите за избор на судија во повисок суд, состави предлог ранг -листа на кандидати за избор на 4 (четири) судии за кривична област бр.09-1698/2 од 04.09.2023 година и предлог ранг -листа на кандидати за избор на 4 (четири) судии за граѓанска област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година која заедно со образецот за бодување ја достави до секој кандидат по

емаил адреса . На предлог ранг -листа на кандидати за избор на 4 (четири) судии за кривична област бр.09-1698/2 од 04.09.2023 година до Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд во рок од 8 дена жалба изјавија 16 кандидати , а по предлог ранг -листа на кандидати за избор на 4 (четири) судии за граѓанска област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година во рок 8 дена поднесени се жалби од 9 кандидати. Согласно член 12 став 5 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, Советот одлучува за оправданоста на жалбите и за конечното рангирање. Ако не се донесе одлука со мнозинство за различно оценување бодирањето на Комисијата станува конечно и Советот ја подготвува конечната ранг листа . Судскиот совет на Република Северна Македонија на 460 -седница одржана на ден 18.10.2023 година и продолжението на 19.10.2023 година расправаше по поднесените жалби,и донесе одлуки врз основа на кои се изготвени конечните ранг листи на кандидати кои се на дневен ред.. Го запозна Советот дека во текот на вчерашниот ден се пристигнати две известувања до Советот и тоа едното е од Ацо Тасев судија на Основен суд Штип со кое се повлекува од кандидатурата за избор на судија на Апелационен суд Скопје од причини дека е избран з а претседател на Основен суд Штип и другото известување од Бесник Авдија моментално ВД претседател на Основен граѓански суд Скопје дека се повлекува исто од кандидатура за судија на Апелационен суд Скопје , па од тие причини за нив нема да се гласа на оваа ранг листа.

За збор се јави членот на Советот Мери Радевска и во врска со гласањето наведе дека изготвената конечната ранг листа на кандидатите е според бодови од Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на РСМ, Методологијата за оценување и со Правилникот за рангирање на кандидати за избор во повисок суд. Наведе дека при работата како член на Комисијата се констатирани одредени состојби при примена на овие акти каде не се добива реална слика во однос на квалитетот на судиите. Во однос на бодувањето каде одредени индикатори се преценети а некои кои се важни за правилно законито правораздавање и ефикасна работа на судијата не се оценети доволно односно се оценуваат со помалку бодови во однос на индикатори како што се доктори или научни трудови, па таа како судија може да оцени дека судиите кои работат во судница и се постојано ангажирани добиваат помалку бодови од оние што помалку работат. Поради тоа смета дека ова треба да биде иницијатива да се формира денес или на наредната седница работна група која ќе работи на измени на подзаконските акти.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и истата се согласува во целост со изнесеното од членот на Советот Мери Радевска и за да биде појасно за јавноста да се констатира дека во првиот дел од бодирање каде ако кандидатот има научни трудови му се доделуваат 2 бода, за познавање на јазик Ц1 ниво 15 бода, што се многу високи бодови и во голем дел ја заземаат оцената, па се поставува дилема дали да ги дестимулираме судиите да се проактивни бидејќи тие сега се предавачи на Академијата а треба да се бават со правната наука. Она што загрижува во делот оцена за работата е тоа што нема до крај индикатори кои може да се проверат за да навистина добиеме права слика. Наведе дека судот од кој таа доаѓа е специјализиран суд и ако се спореди со друг суд во кој судијата работи и семејни и имотни спорови тој судија ќе има повисока оценка и за квалитатет и квантитет со оглед да работи предмети кои помалку одат по жалба, па ако има и типски предмети , така што навистина е тешко да се одлучи за кого да гласа предвид овие објективни пречки, но со оглед да денес мора да се изврши изборот ќе се има предвид ранг листата, нејзините сознанија, други податоци и пред се совеста .

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и во целост се согласува со веќе претходно кажаното за кое е веќе зборувано во текот на процесот на оценување . Наведе дека Методологијата која е во сила не е идеална и има недостатоци , кое се воочени во текот на процесот на оценување , и затоа тие недостатоци треба што побрзо да се надминат со измени на методологијата но со оглед да таа е во сила и за неа тоа ќе биде основа за ранг листата која е изготвена врз основа на методологијата и други подзаконски акти за да го формира ставот во однос на кандидатите кои треба да бидат избрани денес. Ова го кажува од причина дека во оформување на нејзиниот ставот по однос на кандидатите се пресудни и други критериуми како што е брзина на одлучување, од донесените одлуки во текот на постапките и други моменти кои смета дека се битни за враќање на довербата на граѓаните во судството.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева која пред се пристапи кон изборот сака да даде една општа констатација за процесот и за тоа како ќе гласа. Наведе дека стручноста на секој од пријавените кандидатите воопшто не е спорена, нивните квантитативни и квалитативни резултатите се измерени и врз основа на тоа е изготвена конечната ранг листа, а при имплементација на методологијата и правилникот се констатирани слабости кои треба во иднина да бидат променети, но сепак сите кандидати се подеднакво оценети врз основа на исти подзаконски акти, така да нема никаква селективност во однос на критериумите. При тоа напомена дека Судскиот совет ги има разгледувано на еден транспарентен начин и процес жалбите изјавени од кандидатите по однос на кандидатските лист. Мегутоа во однос на нејзиниот глас како член на Судскиот совет покрај рангирањето од кое ќе се раководи бидејќи тоа се бодови кои се добиени при оценка во еден дел од самите судии а во дел од Судскиот совет, за неа пресудни ќе бидат и други параметри и тоа се одредени карактеристи и критериуми по кои лично смета дека одреден судија треба да биде унапреден во повисок суд, и ќе биде правична и подеднаква за сите. Лично гласот ќе го даде за оние кандидати кои ја истакнуваат судската совесност, чесност, непристрасност, независност и придонесуваат во одреден дел за да се врати довербата во судството преку нивното постапување и одлучување. Напомена дека за оној кандидат за кој нема да го даде гласот незначи дека тој ги нема сите овие атрибути, но при секое произнесување дополнително ќе даде аргументи зашто гласа за тој кандидат.

За збор се јави членот на Советот Селим Адеми и од аспект на претседател на Комисијата наведе дека Комисијата при своето работење најде за неопходно дека треба да се формира работна група која ќе работи на измена на одредбите од овие подзаконски акти за да се добие појасна слика за кандидатите во однос на доделување на бодовите за одредени критериуми. Како претседател на Комисијата се заблагодари на членовите на Комисијата за сработеното .

За збор се јави членот на Советот Миљазим Мустафа и во однос на процесот на изборот на судии на Апелациониот суд Скопје кој е воочен и во извештајот на Европската унија дека е долг процес со задоцнување но смета дека треба да се каже дека не е проблемот само со Судскиот совет туку проблемот е со АКМИС системот на кој требаше да се направи надградба за негово прилагодување на потребите кон новата Методологија , потоа за психолошкиот тест и тест на интегритет на судии при избор во повисок суд, што го оправдува траењето на процесот, како и тоа дека со новата Методологија и Комисијата имаше многу работа па процедурални прашања по жалбите, но и покрај тоа денес треба да се изберат најдобрите кандидати, а по денешниот избор Судскиот совет да пристапи кон разгледување на воочените слабости кои треба да се понатаму корегираат и отстранат за наредните избори.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека согласно Законот за Судскиот совет и новата Методологија за прв пат се врши овој избор и се спроведува целата постапка. Од друга страна произлегува од оценувањето на судиите и согласно законот има два параметри каде едниот беше предмет на оценување од страна на повисоките судии спрема пониските а дел од оценување кој прозлезе од квантитетот кој се превземе и спроведе од страна на Комисија при Судскиот совет и за да се дојде до бодови за секој поединечно , против кои бодови во текот на постапката следуваше и правото на жалба, кое исто така поминаа на седницата, па од сето тоа сега има конечна ранг листа со освоени бодови. Бидејќи сето тоа произлегува од Методологијата за оценување и Правилникот за рангирање и како до сега беше кажано смета дека за некои параметри кои се вметнати во оценувањето како што е познавање на јазикот во иднина да се размислува за некакви измени на овие параметри,на пример повеќе бодови да им се дадат на судиите како познавачи на правото , но предлага тоа да биде предмет на оценка на стручна служба која ќе ги предложи таквите измени. Предложи редоследно согласно ранг листата кандидатите за избор да ги предлага претседаталот на Комисијата за рангирање , со можност за секој кандидат да се прознесе секој од членовите од кои причини се гласа за или против.

Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска процедурално наведе дека во текот на гласањето и дискусиите да се придржуваат на законот и деловникот каде е наведено точно во кои случаи се образложува гласот на членот на Советот , а тоа е само при избор ЗА.

Членот на Советот Мери Радевска процедурално предложи претседателот на Советот според кандидатски листи по ред да го чита името и презимето на кандидатот, од причина што е конечна ранг листа на Советот ,а не е предлог на Комисијата.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев согласно подготвените Конечни ранг листи за избор на судии во Апелациониот суд Скопје премина на кандидатите од ранг листата за граѓанска област каде прв на ранг листата е кандидатот **Елизабета Настов судија на Основен граѓански суд Скопје** за избор на судија на Апелациониот суд Скопје, по кој предлог отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева и наведе дека Елизабета Настов е долгогодишен судија во Основниот граѓански суд Скопје и врз основа на оценувањето станува збор за добар судија со морални и етички вредности, чесен и посветен судија, но предвид дека денес се избираат исклучиво граѓански судии бидејќи и по анализите на Судскиот совет на Апелациониот суд Скопје навистина му с е потребни граѓански судии а пријавени се двајца судии од Основен граѓански суд Скопје кои судат исклучиво вонпарнична материја , наведе дека нема да гласа за овој судија бидејќи други параметри се во прашање и за да не ја обременува сегашната дискусија ќе се произнесе во расправата пред наредниот кандидат кој е вонпарничен судија, а со оглед да во овој момент мора да се одлучи само за еден судија ќе образложи зошто е тоа така.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев по однос на судијата Елизабета Насов наведе дека од материјалите а од друга страна и од нејзините постигнати резултати таа е прва на ранг листата , за овој судија има позитивно мислење и ќе гласа за истиот .

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска која наведе дека предвид од вонпарнична материја од овој суд се јавуваат двајца судии, се определила гласот да го даде за помалку бодираниот судија , но според неа судија со долгогодишно искуство и постигнати работи во оваа облас. Ова од лично видување како долгогодишен адвокат кој имал чести контакти со судии од овој суд . Наведе дека Елизабета Настов е одличен судија и овој судија е добар судија како и сите судии на оваа ранг листа особено оние со поголеми бодови, но смета дека се битни и други параметри кои не се земени со Методологијата но сепак се пресудни во формирање на нејзиниот глас. Наведе дека ова го кажува во однос на коментарот одлични судии.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска која наведе дека за голем дел од судиите на ранг листата кои се нејзини колеги има одлично мислење, но сепак наведе дека ќе дискутира онаму каде смета дека треба нешто да се потенцира и што е тоа нешто што го издвојува судијата од другите судии.

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Елизабета Настов судија на Основен граѓански суд Скопје да биде избрана за судија на Апелациониот суд Скопје, и по гласањето констатира дека со 6 гласа „За“ и 6 гласа “Против“ кандидатот не го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Елизабета Настов не е избрана за судија на Апелациониот суд Скопје .**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по следниот рангиран кандидат на ранг листата , **судијата Александар Шопов судија на Основен суд Велес** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева која наведе дека според бодови кои ги има и стручноста е одличен судија, неговото учество и придонес во правосудниот сектор е од исклучително значење а истото се однесува на учество на конференции, семинари, настани каде не ретко била присутна и од неговите дискусии кај неа е развиена перцепција дека станува збор за судија со изградени ставови во одредени состојби, неговото размислување и начинот на презентирање оставиле кај неа белег и смета дека се работи з а одважен човек и добар судија. Овој судија е еден од судиите кои во текот на оценувачкиот период 2019-2020 бил претседател на суд, мегутоа не смета дека период кога бил претседател не е пречка ниту е по законот ниту по правилникот и методологијата за оценување каде сите се изедначени За овој судија кој е граганскi судија и кој одреден период бил и стечаен судија , смета дека успешно ќе ја извршува функција судија во апелациониот суд , па затоа ќе гласа за овој кандидат.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска која наведе дека го познава лично кандидатот со кого соработувале во Стручниот совет на нотарската комора, дека тој е соговорник во однос на правото со кој е добро да се работи бидејќи те поттикнува и кога имаат спротивставени мислења допринесуваат двајцата да се надградуваат . Смета дека е човек кој

сака да работи, работи многу и  работник е што и резултатите го кажуваат. Единствена дилема за неа е што во определен период бил претседател на судот ,  бил 4 години изместен од судиската работа,  мегутоа тој веќе подолго време е судија и сега повторно работи  граѓанска материја во која навистина дава исклучителни резултати, и во тоа мислење дали да го даде гласот или не за неа превагнува тоа дека поголем  временски период е судечки судија, кој исклучително добро си ја работи својата работа и смета дека го заслужува незјиниот глас за избор.

За збор се јави  членот на Советот Мери Радевска со  појаснување дека судиите кои работеле како  претседател на суд а суделе и предмети се оценети и како судии и како претседатели, и за нив изградена е  единствена оцена.

За збор се јави  членот на Советот Миљазим  Мустафа кој наведе дека лично го познава судијата, имал прилика да го запознае и во времето додека работел во Министерството за правда,  и при  изготвување на Судскиот деловник и од тогаш оставил впечаток на спремен, посветен, и одговорен судија . Со оглед да имал прилика да го следи на конференции ,семинари, неговите придонеси за нашето правосудство се големи , така да како што го дал гласот за првиот кандидат ќе го даде и за кандидатот Шопов и ќе се води генерално по ранг листата.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека има изградено позитивно мислење за судијата кој  е доста  амбициозен и посветен во својата материја, и ќе гласа за истиот .

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот  судијата Александар Шопов, судија на Основен суд Велес  да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето констатира дека со 8 гласа „За“  и 4 гласа “Против“ , и со 3 гласа „За“  и 2 гласа “Против“ по бадентерово мнозинство кандидатот го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Александар Шопов е избран за судија на Апелациониот суд Скопје.**

Согласно член 49 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот даде образложение за својата одлука за изборот .

Членот на Советот Мери Радевска наведе дека гласала “За“, бидејќи има 75 бода на ранг листата,  и смета дека успешно ќе ја извршува работата, има професионални квалитети кои секој судија би требало да ги има.

Членот на Советот Антоанета Димовска наведе дека гласала “За“ , за што се веќе произнесе.

Членот на Советот Лорета Горгиева честита  за изборот и сметам дека судијата ќе го оправда изборот.

Членот на Советот Ивица Николовски наведе дека гласал “За“.По член 48 од Законот за Судски совет лице за судија ќе биде избран во повисок суд ако има квалитет и ужива углед за вршење на судиската функција. Со применана  сите подзаконски акти поврзани со избор на еден судија , методологијата з а оценување и правилникот врз основа на кој е сочинета ранг листата, денешниот кандидат избран за судија во повисок суд ги исполнува сите услови и критериуми и остава надеж дека ќе продолжи квалитетно да ја извршува судиката функција како судија на повисок суд.

Членот на Советот Мирсад Суроји наведе дека  гласал “За“ согласно конечната ранг листата  и за судијата кој е искусен долгогодишен судија, и успешно ќе ја врши функцијата во аплециониот суд.

Членот на Советот Весна Дамева наведе дека за гласот “За“  веќе се има произнесено.

Членот на Советот Миљазим Мустафа наведе дека гласал “За“ за што веќе се произнесе.

Членот на Советот Селим Адеми честита за изборот на судијата за кој смета дека успешно ќе ја врши функцијата.

Членот на Советот Павлина Црвенковска честита за изборот , се надева дека судијата ќе ја оправда довербата дадена  денес.

Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска честита на изборот. Смета дека е одличен судија,  високо рангиран кој ги има сите квалитети но не му го дала гласот раководејќи се и од тоа дека иако има долго  искуство како судија сметам дека е млад во однос на други судии кандидати кои денес треба да го добијат нејзиниот глас .

Членот на Советот Ханиф  Зендели честита за изборот, и дека ке ја врши добро функцијата во повисок суд , но некои параметри како неговата младост  дека има време за понатаму да стане судија , се пресудни  што  не го добил неговиот  глас  .

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека гласал "За" согласно ранг листата на која  е втор кандидатот за кого има само пофални зборови и очекува успех.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа за следниот кандидат  на ранг листата , **судијата Ирена Костадинова Ангелова  судија на Основен граѓански суд Скопје** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје.

За збор се јави  членот на Советот Антоанета Димовска која  наведе дека за кандидатите Елизабета Настов и Ирена Костадинова Ангелова имала голема  дилема бидејќи и двете доаѓаат од областа ВПП и затоа што од одделот на имотни спорови се сите подобни,  но фактот дека Ирена Костадинова е вреден, посветен , трудољубив , од нејзин личен впечаток добиен  од разменување на искуства,  од дискутирање по правни прашања ќе гласа за кандидатот Ирена , но тоа незначи дека не ја цени Елизабета Настов.  Она што кај неа превагнува за да го даде гласот е тоа дека Ирена Костаинова работела како стручен соработник во Апелационен суд Скопје  во граѓански  и во трговски спорови , а Елизабета Настов работела во Основниот граѓански суд  во сите оддели, но тоа се нијанси по кои таа ги оценува работите.

За збор се јави  членот на Советот Весна Дамева која во однос на кандидатот Елизабета Настов наведе дека веќе  дала  образложение , но сега ќе образложи од кои причини ќе гласа за судија  Ирена Костадинова Ангелова но не за прворангираниот судија  .Наведе дека и двајцата кандидати се исклучителни судии , високи морални и етички судии со углед и авторитет  кои работат исклучиво ВПП предмети,  а тие предмети условно кажано важат за неспорни - полесни но смета дека во овој момент при овој избор само за еден од овие кандидати треба да  гласа , бидејќи двајца вонпарнични судии во Апелациониот суд Скопје кога има потреба од граѓански судии би било премногу. Во спротивно доколку ниеден од овие вонпарнични судии не се гласа би се довеле во ситуација да во иднина сите судии одбиват да работат на таа материја. При нејзиното одлучување кој е подобар преовладал критериумот судиски стаж , каде судијата Ирена Костадинова Ангелова има повеќе судиски стаж, а потоа преовладува и анализата дали извршувал дополнителна  работа,  па тоа дека судијата Ирена Костадинова Ангелова бил заменик на претседателот на судот, сега е заменик на вд претседателот и претседател на Вонпарничниот оддел. Таа дополнителна ангажираност  која не се бодува согласно Правилникот смета дека е плус за овој судија, а особено што преку членство во Комисијата за подготовка во граганскиот законик дава придонес и  во развојот на правосудниот сектор , и ова покажува дека овој кандидат е подготвен да ја извршува функцијата судија во повисок суд.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе  дека ќе гласа за овој кандидат,  кој има исклучителни позитивни резултати .

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот  судијата Ирена Костадинова Ангелова судија  на Основен граѓански  суд Скопје да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето констатира дека со 12 гласа „За", и  со 5 гласа „За" добиени со бадентерово мнозинство кандидатот го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Ирена Костадинова Ангелова е избран за судија на Апелациониот суд Скопје.**

Согласно член 49 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот даде образложение за својата одлука за изборот.

Членот на Советот Мери Радевска наведе дека  гласала "За" за кандидаотт бодиран како трет  на ранг листата, како и од  кажани позитивни зборови од колегите за овој кандидат и дека истата високо е оценета.

Членот на Советот Антоанета Димовска наведе дека веќе се произнела за нејзиниот глас "За".

Членот на Советот Лорета Горгиева  честиташе на изборот, смета дека како и претходниот кандидат ќе ја оправда дадената доверба со изборот.

Членот на Советот Ивица Николовски наведе дека  гласал "За"  од изготвената ранг листа на која е високо котиран, бодиран врз основа на  неговиот труд и анализа на сите дејствија во процесна и материјална смисла .

Членот на Советот Мирсад Суроји наведе дека гласал “За“ согласно ранг листата.

Членот на Советот Весна Дамева наведе дека веќе се произнела за нејзиниот глас “За“.

Членот на Советот Миљазим Мустафа наведе дека гласал “За“ .Лично имал прилика да се увери во нејзината работа и дека е посветен, професионален судија, судија со интегритет.

Членот на Советот Селим Адеми наведе дека гласал “За“. Од работата како претседател на Комисијата , од присуство на расправа и од одлуките на судијата смета дека оправдано го заслужила гласот и дека ќе работи како професионален како и до сега.

Членот на Советот Павлина Црвенковска честита на изборот и водејќи се од бодувањето на ранг листата и од биографијата каде 7 години работела во Апелациониот суд Скопје како стручен соработник на три оддели, смета дека тоа ќе биде едно добро искуство кога ќе премине да работи предмети во Апелациониот суд. Наведе дека го ценела и тоа дека овој судија го види судскиот регистер на политички партии , единствен регистер на политички партии, одбранила магистерски труд во меѓувреме и воедно ја врши функција заменик претседател на судот.

Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска честита на изборот. Смета дека е квалитетен судија и тоа ги покажуваат бодовите од ранг листата со кои е на трето место, како долгогодишен судија со квалитет на нејзини одлуки за кои и лично имала прилика да се увери, смета дека дека е судија со интегритет, и иако доага од ВПП материја ќе даде придонес како судија на Апелациониот суд Скопје . Според неа еден добар правник треба добро да ги чита сите закони и не е проблем да ја менува материјата на која работи

Членот на Советот Ханиф Зендели наведе дека гласал “За“. Од биографија на судијата била приправник на Основен суд Скопје од 1997 година, од 1998 год била стручен соработник во Апелационне суд Скопје, од 2005 година е судија во Основен граѓански суд и смета дека успешно ќе ја врши судиската функција

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека гласал “За“, видно од постигнати резултатите, интегритет и како долгогодишен судија со видливи резултати

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа за следниот кандидат на ранг листата , **судијата Наталија Донева судија на Основен граѓански суд Скопје** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска која наведе дека судијата Наталија Донева е пандан на Александар Шопов во однос на тоа колку е трудољубива, сака правно да се надоградува, заедно работат во Комисија за кодификација на граганскиот законик, заедно и во Стручниот совет на нотарска комора . Наведе дека судијата била раководител на одделот за трговски спорови, и дека единствено кога е оценувана во периодот работела во одделот з а трговски спорови па како дилема се поставува сега тоа дека денес се избираат граѓански судии а овој судија работел во одделот за трговски спорови , но сепак се работи за парница, каде и во делот на трговски спорови се применуваат и Законот за сопственост и Законот за облигациони односи. Потоа наведе дека се работи за судија кој е исклучително трудољубив . Согласно од извадени од АКМИС системот податоци за овој судија произлегува дека сите одлуки овој судија ги има во рок изработено и сите одлуки и се исклучителни. Судијата во моментот работи по ППНИ предмети каде одлуките и се образложени , вложен е труд, така што за овој судија има само пофални зборови и смета дека истата заслужува место во апелациониот суд.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева и во однос на судијата наведе дека има високи резултати при рангирање од каде неспорно е неговата стручност. Ова е стопански судија и како стопански судија работел и во текот на оценувачкиот период 2019-2020 и во 2021-2022 во кој перирод постапува и по ППНИ предмети што значи овој судија постапувал по тешки и сложени предмети . Одреден период била заменик на претседател на суд и претседател на одделот за стопански спорови стечај и ликвидација што значи превзела и дополнителна работа, неспорно е учесник во работни групи за Закон за нотаријат, Закон за извршување и Кодификација на граѓански законик, како ментор и предавач одржува предавања и обуки на правни професионалци. Ова укажува дека овој судија не само во судницата е активен и надвор од судницата . И понатаму за сите вакви судии ќе го дава гласот , кои не треба само во судница туку и надвор од неа, тоа да го презентираат. Во конкретниот случај за доделување на нејзиниот глас преовладало тоа дека е еден од двајцата судии кои имале искуство и работеле во

Европскиот суд за човекови права од една страна и од друга страна дека е академец од првата генерација на Академијата за судии и јавни обвинители. Понатамау наведе дека личноста, моралните и етичките вредности се очигледни за овој кандидат, кој е и исклучителен судија и одважен човек.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека согласно ранг листата судијата Наталија Донев котира високо и од тие причини ќе гласа за истата.

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Наталија Донева да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и 2 гласа “Против“ , и со 4 гласа „За“ и 1 глас “Против“ со бадентерово мнозинство кандидатот го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Наталија Донева е избран за судија на Апелациониот суд Скопје.**

Согласно член 49 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот даде образложение за својата одлука за изборот

Членот на Советот Мери Радевска наведе дека гласала “За“ како и претходно согласно местото на ранг листата.

Членот на Советот Антоанета Димовска честита на изборот.

Членот на Советот Лорета Горгиева честита на изборот.

Членот на Советот Ивица Николовски наведе дека гласал “За“ почитувајќи ги резултатите од ранг листата, како и тоа дека овој судија има професионални квалитети за судиската должност, има добри резултати од спроведена постапка за избор, со што посветено и квалитетно ќе ја извршува судиската должност во апелационен суд.

Членот на Советот Мирсад Сурोјი наведе дека гласал “За“ согласно ранг листата .

Членот на Советот Весна Дамева наведе дека веќе се произнела за овој кандидат.

Членот на Советот Миљазим Мустафа наведе дека гласал “За“ и честита за изборот.

Членот на Советот Селим Адем наведе дека гласал “ За“ .

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека гласала “За“ водејќи се од оценувањето на комисијата, од повеќе од 12 години стаж од нејзиното искуство во стопански спорови што го има, дека е академец од првата генерација на судии, била на обука во Европскиот суд за човекови права што ќе придонесе квалитетно во вршење на функцијата во повисок суд и без оглед на тоа што денес се бираат граѓански судии праксата во Апелациониот суд Скопје е таква да со распоред каде има потреба да се распореди и на стопанска материја а познавајќи ја каква е состојбата во овој суд со стопански судии.

Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска наведе дека гласала “За“,дека станува збор за квалитетен судија за што има лично искуство како адвокат во постапките кои ги водела, смета дека носи квалитетни одлуки, нејзиниот дополнителниот ангажман надвор од судница зборува за квалитетот на судијата .

Членот на Советот Ханиф Зендели наведе дека гласал “За“, и честита за изборот .

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека гласал “За“ , каде видно од резултатите и бодовите станува збор за добар судија, која била и меѓународно активна што е една причина повеќе за да допринесе со своето познавање и на оваа област да се враќа довербата во судството.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа за следниот рангиран кандидат на ранг листата , судијата **Софија Спасова Медарска судија на Основен граѓански суд Скопје** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје .

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска, и наведе дека со кандидатот се од исти суд но немала можност да разменува правни искуства и во тој дел неможе да се произнесе, а за неа Методологијата не е доволен показател за работата на судијата и затоа за оваа седица побарала за сите судии од ранг листата кој судија во кој временски рок ги изготвува одлуките и за жал кај судијата Софија Спасова Мердарска констатирала дека голем дел од одлуките се изготвени од 3 месеци па нагоре, а при тоа не ги земала предвид одлуките изготвени во рок од 60 дена бидејќи како судија не се согласува дека рокот од 15 дена е доволен за да судот изготви квалитетна одлука. Од тие причини нема да гласа за овој кандидат имајќи предвид како некои колеги и суделе и стигнале да работат и др работи и да ги изготват одлуките навреме тоа и дава право да гласа. Во овој случај од тие причини нема да гласа за

овој судија. За појаснување на јасвноста како е дојдено до бодовите наведе дека изготвувањето на одлуки во рок односно вон рок влијае при пресметка на бодовите и ги намалува бодовите, но тоа е многу малку. Тоа се објективни показатели и колегите треба да се стремат да бидат како другите колеги што денес се избрани и тоа да биде пракса на тој начин да бидат унапредувани.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева и со оглед да за првпат денес е запозната побара од членот на Советот Антоанета Димовска да посочи за колку предмети се работи и за кој период .

Членот на Советот Антонета Димовска наведе дека се работи за периодот 2019-2020 година а како бројка наведе дека се 45 одлуки кои се изготвени над 3 месеци нагоре.

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и за неа ова денес кажаното е нова информација, предвид да граѓанскиот суд има координатор и секако била следена работата на судиите од овој суд, но фактот изнесен денес за 45 одлуки писмено изготвени, нема да биде пресуден за неа.За да го зема овој податок како мериторен при одлучување на квалитетот на еден судија битно е да се знаат временскиот рок во кој се донесени таквите одлуки и многу се битни причините, дали во тој период станува збор за некакви објективни причини поради кои не била во можност судијата да ги изготви, можеби била болна, а сите тие информации ги нема Советот за да може да се произнесе и за да се испитаат некои околности. Смета дека не е време на денешната седница кога треба да се одлучува за кандидатот да се изнесуваат овие информации, а по однос на коментарот дека ова е за да биде запознаена јавноста наведе дека тоа појаснувањето за јавноста може да се даде после завршување на седницата.

За збор се јави членот на Советот Антонета Димовска и наведе дека само сакала да даде појаснување во однос на бодовите како е истата оценета и дека секој од нив има право да истражува , и да каже зашто гласа или не за кандидатот.

За збор се јави членот на Советот Лорета Георгиева која не се согласува со начинот на кој денес јавно членот на Советот Антоанета Димовска изразува податоци во делот на пречекорени рокови за конкретен судија за кој најчест навод во претставките е за скоро за сите судии , но кога се излагаат претстваките јавно на седница никогаш не се кажува името на судијата , не се доведува во прашање името и дигнетитетот на судијата. Понатаму дали ваквите пречекорени рокови имале своја основа во субјективни или објективни причини понатаму е предмет на натамошно иследување доколку претставката помине како основана . Од тие причини смета дека не е во ред на ваков начин да се изнесуваат податоци од системот , колешката која се потрудила да извади податоци, и нема да прави паралела еве со претходниот кандидат за кој беше кажано дека немаше пречекорени рокови, но потенцира дека судијата Наталија Донева работела претежно ППНИ предмети каде има рок од 72 часа , каде и да сака да ги пречекори овие рокови нема услови за пречекорување, но неможе таква паралела да се прави посебно не на седница на кој им се дава доверба и се очекува преку денешниот избор да се крене довербата во судството.

За збор се јави членот на Советот Антонета Димовска и појасни дека за судијата Наталија Донева извадила податоци за период додека работела трговски спорови, а не за периодот кога работела ППНИ предмети и тоа се податоци кои може секој да го провери во системот .

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави предлогот на гласање судијата Софија Спасова Медарска судија на Основен граѓански суд Скопје да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето се констатира дека со 4 гласа „За“ и 8 гласа“Против“ кандидатот не го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Софија Спасова Медарска не е избран за судија на Апелациониот суд Скопје.**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа за следниот кандидат на ранг листат , судијата **Илир Сулејмани судија на Основен граѓански суд Скопје** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје .

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска која наведе дека лично го познава како судија на граѓанскиот суд и за времето на два мандати како претседател на судот . Како судија неможе да каже како работел бидејќи бил претседател во два мандати, кој скако претседател се справувал со предизвиците на граѓанскиот суд кој е најголем суд и со проблемите како менаџер тоа го правел добро, но смета дека треба да се избере судија кој има

поголемо судиско искуство , а реално овој судија практикувал судење само 4 години ,и покрај тоа што го почитува, го цени смета дека треба уште малку искуство за да биде избран, и тоа е лично гледање. Инаку како менаџер на судот и во тешки времиња во време на пандемија и на недостиг на судии наведе дека добро се справувал со судот , но денес нема да го даде својот глас од наведените причини .

За збор се јави членот на Советот Ивица Николовски кој не се согласува со мислењето на членот на Советот Антоанета Димовска дека бил претседател и со тоа стагнирал како судија и тоа би се одразило негативно и би требало време да биде во кондиција како судија на апелационен суд. Она што сите го знаат дека овој колега е во два мандати претседател на најголемиот граѓански суд , како судија е избран за претседател затоа што покажал резултатити во вршење на судиската функција, а подоцна е повторно избран за претседател затоа што покажал резултати при вршење на оваа должност. Овој амбициозен и квалитетен судија треба да продолжи во апелациониот суд, . Од секојдневно следење на работата на судиите немаме информација дека конкретениот судија не би може успешно да продолжи како судија на апелационен суд, а пандан на тоа е успешно спроведена постапка со сите мерливи критериуми со кои е високо бодиран на ранг листата и од тие причини ќе го гласа.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева наведе дека по редослед ќе го даде гласот за овој кандидат од причини кои претходно ги наведе а се однесуваат на тоа дали треба некој кој бил претседател во оценувачкиот период или подоцна да му биде ускратено право да биде унапреден .Ниту Методологија ниту правилникот не вршат селекција и во овој случај пресудно за неа дали овој судија успешно менаџирал и успешно ја врши функцијата каде одговорот е да .Како претседател на еден од двата најголеми судови и досега успешно ја менаџирал функцијата и за пофалба е кога поради недостаток на судии и кадри да се менаџира е многу тешко, а од друга страна до овој момент до неа нема дојдено сознание дека овој судија е неетичен, несовесен, пристрасен, зависен или неодговорен. И претходно го изрази ставот по однос на кандидатот Шопов , така да во овој момент смета дека треба да биде унапреден а фактот дека бил претседател е ирелевантно затоа што сите имаат подеднакви права.

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и наведе дека ќе објасни зашто ќе гласам за овој кандидат. Она што било кажано дека овој судија е два мандати претседател на еден од најголемите судови за неа не е пречка да биде унапреден, напротив времето како претседател и за време на пандемија и тешките услови, успешното менаџирање со овој суд се во прилог на мотивот да се определи да гласа овој судија да биде унапреден во повисок суд.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека согласно ранг листа , а имајќи ги предвид неговите резултати ќе го даде гласот з а овој кандидат.

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Илир Сулејмани судија на Основен граѓански суд Скопје да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“ и 1 глас “Против“ , и со 5 гласа „За“ со бадентерово мнозинство кандидатот го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Илир Сулејмани е избран за судија на Апелациониот суд Скопје.**

Согласно член 49 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот даде образложение за својата одлука за изборот

Членот на Советот Мери Радевска наведе дека гласала “За“ според ранг листата.

Членот на Советот Антоанета Димовска наведе дека не гласала од претходно наведените причини.

Членот на Советот Лорета Горгиева честита на изборот.

Членот на Советот Ивица Николовски наведе дека гласал “За“, го искажа веќе своето мислење а дополнително само дека овој судија има начела на интегритет, непристрасност, трпение, работливост, колегијалност, скромност и очекува така да продолжи да ја извршува судиската должност.

Членот на Советот Мирсад Сурोји наведе дека гласал “За“ затоа што се работи за добар менаџер и судија .

Членот на Советот Весна Дамева честита за изборот на кандидатот за кој веќе се произнесе.

Членот на Советот Миљазим Мустафа честита за изборот и останува на мислењето дека бил претседател во два мандати и во најтешките периоди и покрај сите предизвици и проблеми , успеал да менаџира со судот и заслужено е избран.

Членот на Советот Селим Адеми наведе дека гласал "За", а показател е дека за време на двата мандати успешно и покрај недостаток на судии можел да се справи, така да нема да е проблем и како судија на апелационен суд да се справи со предизвиците.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека гласала "За" овој кандидат кој од 2011 година е избран за судија на Основен граѓански суд Скопје, а два мандати е успешен претседател на овој суд .

Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска наведе дека причините за гласот "За" веќе ги има кажано.

Членот на Советот Ханиф Зендели наведе дека гласал "За" и се приклучува на сите пофалби дека бил прв судија меѓу сите, го водел и менаџирал добро судот.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека гласал "За"по ранг листата на кој е редоследно следен и како релативно млад судија ќе покаже дека може и знае да се носи со предизвиците во повисокиот суд.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека со изборот на овој кандидат Советот изврши избор на 4 судии на Апелациониот суд Скопје од граѓанска област . **Судиите Александар Шопов, Ирена Костадинова Ангелова , Наталија Донева и Илир Сулејмани** го добија потребното мнозинство на гласови за избор на судии за Апелациониот суд Скопје за граѓанска област.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев даде пауза во времетраење до 12,30 часот.

По завршување на паузата се премина на кандидатите од конечната ранг листа за избор на 4 судии на Апелациониот суд Скопје од кривична област .

Претседателот на Советот Сашко Георгиев по однос на првиот кандидат од ранг листата по бодови **Лазар Нанев судија на Основен суд Кавадарци** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје, отвори расправа по предлогот .

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева која наведе дека овој судија и покрај неговите резултати преточени во бодови според кои е прв на ранг листата, за неа не се доволен индикатор за да биде унапреден во повисок суд. Имено квалитативните и квантитативните резултати се еден дел кои се однесуваат на стручноста на судијата , но за неа е многу важно однесувањето и постапувањето на секој судија во одредени ситуации . Судијата Лазар Нанев изминатиот период инволвиран е во неколку настани и ситуации кои до крај според неа не се испитани и не се утврдени но сепак кај неа остава дилема и поради тоа правагнала одлуката да не го даде гласот за овој судија да биде унапреден.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска која наведе дека судијата го следат контраверзии и сега таа како координатор на судот во кавадарци при сите контраверзии, не може да го даде својот глас за овој судија и покрај тоа што е прв на ранг листата .

За збор се јави членот на Советот Лорета Горгиева смета дека и на судиската фела многу и е јасни последните збиднувања, посебно дека овој колега со бодови е прв на ранг листата и се што се процесуираше до Судскиот совет е тенденциозно да се наруши интегритетот и да се дискфалификува во конкретниот избор. Да не се заборави на презумција на невиност и за овој судија нема одлука ниту од суд ниту од Судски совет со кој би било доведено во прашање неговиот денешен избор и неговиот кредибилитет д а биде избран и да продолжи како судија на апелациониот суд. За неговите организациони квалитети, професионални и лични смета дека добар дел од Судкиот совет кој присуствуваше и на последниот самит за дигитализација на судството може да се увери, но останува на совест како секој смета така да гласа. Наведе дека нема да поддржи независно од тоа кое е името на судијата и нема да прифати да се дискредитира личност без да се има официјална крајна одлука со која се доведува во прашање неговото вршење на функцијата .Наведе дека лично ќе го поддржи судијата Лазар Нанев познавајќи ги сите негови лични и професионални квалитети и заслужено толку многу колку што има дадено за ова судство дека уште повеќе ќе допринесе како судија на Апелациониот суд Скопје. Ако така се дисквалификуваат кандидатите за избор на судии во

повисок суд можеби ако не половината сепак за 1/3 од кандидатите има претставки со сериозни наводи кои не пречат денес да бидат на ранг листата , но верува во квалитетот на сите овие кандидати и кој и да биде избран ќе даде допринос во судството.

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Лазар Нанев судија на Основен суд Кавадарци да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето се констатира дека со 4 гласа „За“ и 8 гласа “Против“ кандидатот не го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Лазар Нанев не е избран за судија на Апелациониот суд Скопје.**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа за предлог кандидатот од ранг листата по бодови **Габриела Гајдова судија на Основен суд Велес** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје **.**

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева која наведе дека според бодови исклучително стручен судија, и по ранг листа солиден. Ќе гласа за овој кандидат затоа што е пример за судиска совесност, независност, непристрасност, искреност, чесност и одговорност .Тоа е преточено во неколку одлуки кои процикулираа во јавноста иако не би сакала да ги коментира судските одлуки , но овој судија покажла во одредени ситуации дека има храброст со цел да влијае дури и на казнената политика . Од една страна учеството во работни групи формирани за изготвување на закони и тоа Закон за вештачење и ЗКП се голем придонес во правосудниот систем, а од друга страна нејзино учество на конференции и настани на кои била лично присутна дава за право да потврди дека овој судија навистина е со изразени ставови за состојбите во судството и оддава впечаток на одважна личност. Во текот на оценување овој судија имал доставено и доказ за завршен докторат, но Комисијата не го земав во предвид од оправдани причини бидејќи беше доставен по оценувачкиот период, но ова покажува дека овој судија постојано се усовршува и надградува и не застанува тука со нејзиното знаење, па ќе го даде својот глас за овој кандидат.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека лично ја познава судијата Габриела Гајдова и преку следиње на нејзината работата и постигнати резултати, истата може да придонесе за квалитетно судство.

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Габриела Гајдова судија на Основен суд Велес да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето се констатира дека со 12 гласа „За“, и со 5 гласа „За“ со бадентерово мнозинство кандидатот го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Габриела Гајдова е избрана за судија на Апелациониот суд Скопје.**

Согласно член 49 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот даде образложение за својата одлука за изборот

Членот на Советот Мери Радевска наведе дека гласала “За“ бидејќи е втора на листата, има впечатлива биографија и резултати од работењето, смета дека заслужува и добро ќе ја врши функцијата за која е избрана.

Членот на Советот Антоанета Димовска наведе дека гласала “За“ врз основа на резултатите и нејзината биографија. Лично имала кратка средба каде стекнала добар впечаток а немам други податоци за да гласа против.

Членот на Советот Лорета Горгиева честита на изборот.

Членот на Советот Ивица Николовски наведе дека гласал “За“ затоа што е второрангирана и високо бодирана со бодови кои даваат силна слика на квалитетен, посветен искусен судија кој служи за пример во нашата фела како треба судијата да се однесува во постапувањето , во одлучувањето, па дури таа е еден од менторите на идните генерации кои доаѓаат од судската фела, постојано присутна, посветена и во судиската должност, но и со должност во создавање на идни судии во правосудната фела.

Членот на Советот Мирсад Суроји наведе дека гласал “За“ затоа што е одличен судија со одлични резултати како судија, кој е добар пример и вакви судии треба да бидат судии на аплецаониот суд

Членот на Советот Весна Дамева наведе дека гласала “За“ и веќе го дала образложение за тоа

Членот на Советот Миљазим Мустафа наведе дека гласал “За“ согласно досега кажани зборови, за нејзиното искуство во извршување на досегашната судиската функција

Членот на Советот Селим Адеми наведе дека гласал "За" како за еден од најдобрите судии кои заслужуваат да бидат избрани.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека гласала "За", наведе дека цел работен век го има во Основен суд Велес од 1997 година како приправник а од 2008 година како судија на овој суд, била заменик, била портпарол, работела во кривичен оддел , има бројни вонсудски активности како коавтор на прирачници, едукатор , предавач, како непсрасен судија ќе ја оправда довербата .

Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска честита на изборот, наведе дека според резултатите добиени преку оценувањето на овој судија за нејзиниот квалитет и квантитет. Овој судија е квалитетен судија со интегритет и како таков заслужува да биде судија на повисок суд, а нејзините активности надвор од судница се поголем аргумент за да се гласа за истиот.

Членот на Советот Ханиф Зендели честита на изборот.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека гласал "За" за овој позитивен пример за судија .

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по следниот предлог кандидатот од ранг листата по бодови **Оља Ристова судија на Основен кривичен суд Скопје** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје**.**

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Оља Ристова судија на Основен кривичен суд Скопје да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето се констатира дека со 8 гласа „За" и 4 "Против, и со 2 гласа „За" и 3 гласа "Против" со баденterово мнозинство кандидатот не го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Оља Ристова не е избран за судија на Апелациониот суд Скопје.**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека следен кандидат е **Ацо Тсев судија на Основен суд Штип**, но за истиот нема да се гласа бидејќи има изјава до Советот со која се повлекува од кандидатурата поради што е избран за претседател на Основен суд Штип.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по следниот предлог кандидат од ранг листата по бодови **Бетим Јахја судија на Основен суд Тетово** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје **.**

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Бетим Јахја судија на Основен суд Тетово да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето се констатира дека со 7 гласа „За" и 5 гласа "Против" кандидатот не го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Бетим Јахја не е избран за судија на Апелациониот суд Скопје.**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по следниот предлог кандидатот од ранг листата по бодови **Александра Ристеска судија на Основен кривичен суд Скопје** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје .

Претсдателот на Советот констатира дека членот на Советот Весна Дамева ја напушти салата со оглед да истата со одлука на Советот е иземена од постапување по однос на овој кандидат.

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Александра Ристевска судија на Основен кривичен суд Скопје да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето се констатира дека со 9 гласа „За" и 2 гласа "Против", и со 4 гласа „За" и со 1 глас "Против" со бадентерово мнозинство кандидатот го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Александра Ристевска е избрана за судија на Апелациониот суд Скопје.**

Согласно член 49 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот даде образложение за својата одлука за изборот.

Членот на Советот Мери Радевска наведе дека гласала "За" според резултатите од оценувањето и од ранг листата

Членот на Советот Антоанета Димовска наведе дека гласала "Против" од причини што кога се разгледуваа жалбите на предлог ранг листата беше кажано дека не е оценета по однос на усно изразување бидејќи не била затекната во судницата и објаснето од Комисијата дека не

било објаснето од судијата зашто не се појавила во судницата, што за неа треба да има образложение од судијата зашто не е во судницата и тоа е причинита .

Членот на Советот Лорета Горгиева честита на изборот

Членот на Советот Ивица Николовски наведе дека гласал "За" според нејзиното рангирање на ранг листа а кој предлог е врз основа на стекнатите бодови од спроведената постапака за избор

Членот на Советот Мирсад Суроји наведе дека гласал "За" согласно ранг листата

Членот на Советот Миљазим Мустафа наведе дека гласал "За" .Заслужен избор за долгогодишен, посветен, одличен судија со постигнати резултати во кривичен суд и во иднина ќе покаже резултати и како судија на апелационен суд

Членот на Советот Селим Адеми наведе дека гласал "За" поради долги години стаж во кривичен суд и тоа е доволен показател дека е дојдено време за да се избере во повисок суд .

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека гласала "За". Според освоените бодови и од нејзината биографија дека почнува како стручен соработник во Основен граѓански суд и апелационен суд , има доволно искуство како кривичен судија на полнолетни и била судија во оддел за организиран криминал , во КСС оддел, била ментор и предавач на кандидати од 6 генерација и учествувала на семинари

Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска наведе дека гласала "За" .По рангирање е шеста на ранг листата но тоа е основа при формирање на ставот за кого ќе гласа . Во однос на нејзиното однесување за кое кажаи членот на Советот Антоанета Димовска наведе дека се одразило на нејзините бодови при рангирање и дадени и се помалку бодови за усно изразување, но според резултатите од оценувањето кои беа утврдени, посебно квалитетот на одлуките на овој судија и неговото долгогодишно искуство, очекува да ја оправда довербата

Членот на Советот Ханиф Зендели честита на изборот.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека гласал "За" видно од постигнатите резултати и бодови според кои е високо на ранг листата за која редоследно го дал гласот .

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа за следниот предлог кандидатот од ранг листата по бодови **Даниела Алексовска Стојановска судија на Основен кривичен суд Скопје** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје .

Претсдателот на Советот констатира дека членот на Советот Весна Дамева е повторно присутна на седница.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и во однос на овој судија наведе дека ја памети кога била и работела стручен соработник во Основен суд 1 Скопје како вредна и посветена во својата работа, а во другиот дел за неа покажуваат добиените бодовите.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева која наведе дека овој судија е од Основен кривичен суд Скопје каде има многу квалитетни судии . Овој суд има и недостаток на судии но сепак успева да ги надмине сите препреки а со оглед да дел од оваа ранг листа се судии од овој кривичен суд за кои таа ќе гласа . Во однос на судијата Даниела наведе дека е стручен, професионален, туку и со интегритет чесен и совесен судија, темелен при постапување , непристарен и независен во одлучување, од кои причини ќе гласа за овој кандидат како и за другите судии од кривичен суд кои се на ранг листата и навистина заслужуваат.

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и наведе дека овој судија е навистина квалитетен судија што е видно од постигнатите резултати кои се манифестираат и преку бодовите од оценувањето, но при денешниот избор ќе го даде гласот за друг судија бидејќи смета дека се битни и други критериуми како судскиот стаж, брзината на носењето на одлуки, храброста кај судијата , но смета дека во блиска иднина и овој судија треба да биде судија на повисок суд.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека е работи за добар судија преку следење на нејзината работа и ќе гласа според ранг листата.

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Даниела Алексовска Стојановска судија на Основен кривичен суд Скопје да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето се констатира дека со 5 гласа „За" и 7 гласа "Против", кандидатот не го добил потребното

мнозинство на гласови и дека **судијата Даниела Алексовска Стојановска не е избрана за судија на Апелациониот суд Скопје.**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по следниот предлог кандидатот од ранг листата по бодови **Верка Костовска судија на Основен суд Тетово** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје .

За збор се јави членот на Советот Ивица Николовски и во однос на овој кандидадт наведе дека судијата Верка Костовска долг период е судија , се работи за судија со позитивни резултати во нејзиниот судиски век на што покажуваат и бодовите од рангирањето, но иако на дневен ред е прекрасен , квалитетен и искусен кандидат, сепак овој судија оди во скоро време во пензија од кои причини смета дека не треба да го даде својот глас за овој судија.

За збор се јави членот на Советот Лорета Горгиева која го дели истото мислење , но веќе во период од 2 години колку трае оваа постапка за избор за да би имал можност овој кандидат како исклучителен професионалец даде придонес , но поради заминување на пензија

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и од аспект на координатор кој имал можност да ја следи работата на судијата Верка Костовска наоѓа дека е квалитетен судија , но не би го дала гласот од причина што во пензија оди многу брзо и друго што работи претежно предмети малолетничка деликвенција и ќе гласа за друг судија кој работи на кривична материја каде има недостаток на ваков вид на судии.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека не го прифаќа аргументот дека поради тоа што оди во пензија не треба да се гласа и да има 1 година до пензија сепак со својот квалитет би дала придонес и во тој период од 1 година, но од друга страна го прифаќа аргументот дека ако судијата работи на малолетничка деликвенција да се избере друг судија кој ќе даде придонес во кривичната материја.

За збор се јави членот на Советот Лорета Горгиева и наведе дека судијата Верка Костовска е искучител кривичар кој долги години работел исклучиво кривично полнолетни, иако сега точно е тоа дека работи на предмети за малолетници.

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Верка Костовска судија на Основен суд Тетово да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето се констатира дека со 4 гласа „За" и 8 гласа "Против", кандидатот не го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Верка Костовска не е избрана за судија на Апелациониот суд Скопје.**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по следниот предлог кандидатот од ранг листата по бодови **Љубомир Ѓорѓевиќ судија на Основен суд Куманово** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Љубомир Ѓорѓевиќ судија на Основен суд Куманово да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето се констатира дека со 4 гласа „За" и 8 гласа "Против", кандидатот не го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Љубомир Ѓорѓевиќ не е избран за судија на Апелациониот суд Скопје**.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по следниот предлог кандидатот од ранг листата по бодови **Љубинка Башевска судија на Основен кривичен суд Скопје** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје

За збор се јави членот на Советот Ивица Николовски кој наведе дека од нејзиното сиви и од спроведената постапка се работи за квалитетен и посветен судија, но и овој судија за жал исполнува услови да оди во пензија , па тоа е единствена причина зошто нема да гласа за овој кандидат.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска која наведе дека како и за судијата Верка Костовска смета дека би било дискриминирачки доколку не се гласа од тие причини.

За збор се јави членот на Советот Ивица Николовски која смета дека не е дискримитирачки туку непродуктивно би било веднаш по изборот да треба по сила на закон да го напушти ново место, кое пак ново место бара време за прилагодување запознавње со предмети па до момент на продуктивност, и во моментот кога ќе треба да испорача резултат и да биде ефикасен ќе треба да се пензионира.

За збор се јави членот на Советот Лорета Горгиева која го потврди истото дека не се работи за дискриминација и во момент кога се соочуваме со недостиг на судии, смета дека е приоритет да се даде глас за судии кои ќе влезат веднаш со работа и во континуитет , предвид да за секој нов избор носи најмалку 6 месеци з а избор, и повторно ќе имаресчекор во изборот на судии , па тоа е единствената причини за да не се даде гласот за овој кандидат.

За збор се јави членот на Советот Мери Радевска за да појасни дека судијата Башевска е родена во 1962 година и ќе оди во пензија во 2024година.

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Љубинка Башевска судија на Основен кривичен суд Скопје да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето се констатира дека со 3 гласа „За“ и 9 гласа “Против“, кандидатот не го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Љубинка Башевска не е избрана за судија на Апелациониот суд Скопје.**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа за следниот предлог кандидатот од ранг листата по бодови **Весна Димишкова судија на Основен кривичен суд Скопје** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје .

За збор се јави членот на Советот Ивица Николовски кој смета дека е кандидат со стручни професионални квалитети, углед, една комплетна личност како судија со долгогодишно искуство и со резултати во нејзината работа. Смета дека нејзиниот придонес со нејзиното искуство нејзината работа во апелациониот суд ќе биде добредојдена во надминување на секојдневните проблеми и потреби што го очекуваат новоизбраниот судија. Се работи за добар кандидат кој заслужува да биде избран во Апелациониот суд Скопје

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Весна Димишкова судија на Основен кривичен суд Скопје да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето се констатира дека со 11 гласа „За“ и 1 глас “Против“, и со 4 гласа „За“ и со 1 глас “Против“ со бадентерово мнозинство кандидатот го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Весна Димишкова е избрана за судија на Апелациониот суд Скопје**

Согласно член 49 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот даде образложение за својата одлука за изборот

Членот на Советот Мери Радевска наведе дека гласала “За“ по бодовите согласно ранг листата .

Членот на Советот Антоанета Димовска наведе дека гласала “За“ како за следен кандидат според ранг листата.

Членот на Советот Лорета Горгиева наведе дека гласала “За“и честита на изборот.

Членот на Советот Ивица Николовски наведе дека веќе се произнесе за овој судија, избран е квалитетен судија и нема сомнеж во натамошното извршување и резултати и допринос кој ќе го даде во повисокиот суд.

Членот на Советот Мирсад Суроји наведе дека гласал според ранг листата .

Членот на Советот Весна Дамева наведе дека гласала “За“ редоследно по ранг листата, и претходно гласала за судии од овој суд , како суд со најмногу работа, каде се прибира најголемо искуство, се работат тешки и сложени предмети , но како и за овој кандидат ќе гласа редоследно и подолу се до исцрпување на ранг листатазатоа што судиите од овој суд даваат исклучителен придонес. Гласала за овој кандидат е долгогодишен судија кој скоро цел период бил на претходна постапка во организиран криминал ,постојано да е активен во секој момент, како индикатори з а оценување и за овие судии не излегоа незапазени рокови, не навлегува во стручноста тоа е веќе кажано, и во моментот нема индикатор за сомнеж дека е несовесен судија.

Членот на Советот Миљазим Мустафа наведе дека гласал “За“ како за искусен судија со добри и позитивни резултати и позитивни впечатоци од колегите за неа.

Членот на Советот Селим Адеми наведе дека гласал “За“ за судија со големо искуство и стаж од повеќе од 18 години поради што заслужува да биде унапреден.

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека гласала “За“ затоа што цел работен век го има во Основен кривичен суд од 1994 година како приправник па до 2004 гдина како судија на овој суд, од 2007 работи во одделени за организиран криминал и корупција и сите ја знаеме тежината и обемот на предметите од ова одделние и нема сомнеж дека ке ја оправда довербата.

Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска наведе дека гласала “За“.Станува збор за судија со долг судиски стаж од приближно 20 години, судија во организиран криминал со постигнати резултати во одлучување и постапување во тешки постапка досега, видно и од добиените бодови и како судија на апелационен суд ќе даде допринос во работењето на овој суд .

Членот на Советот Ханиф Зендели наведе дека гласал “За“ според ранг листата .

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека гласал “За“ според редоследот на листата, се работи за долгодишен искусен кривичен судија, кој ќе го пренесе своето искуство во апелациониот суд.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по следниот предлог кандидатот од ранг листата по бодови **Ивица Стефановски судија на Основен кривичен суд Скопје** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска која наведе дека не го познава ,но принципиелно ќе гласа по ранг листата.

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Ивица Стефановски судија на Основен кривичен суд Скопје да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето се констатира дека со 6 гласа „За“ и 6 гласа “Против“, кандидатот не го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Ивица Стефановски не е избран за судија на Апелациониот суд Скопје**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа за следниот предлог кандидатот од ранг листата по бодови **Осман Шабани судија на Основен кривичен суд Скопје** да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје

Со оглед дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот судијата Осман Шабани судија на Основен кривичен суд Скопје да биде избран за судија на Апелациониот суд Скопје и по гласањето се констатира дека со 11 гласа „За“ и 1 глас “Против“, и со 5 гласа “За“ со бадентерово мнозинство кандидатот го добил потребното мнозинство на гласови и дека **судијата Осман Шабани е избран за судија на Апелациониот суд Скопје**

Согласно член 49 од Законот за Судскиот совет на РСМ, секој член на Советот даде образложение за својата одлука за изборот

Членот на Советот Мери Радевска наведе дека гласала “За“согласно ранг листата и се надева дека ке ја оправда довербата.

Членот на Советот Антоанета Димовска честита и наведе дека гласала “За“ согласно ранг листата.

Членот на Советот Лорета Горгиева честитки на изборот избран е судија со огромно професионално иксуство.

Членот на Советот Ивица Николовски наведе дека гласал “За“ согласно ранг листата истиот поседува квалитет искуство да успешно ја извршува судиската долчност и така че продолчи и како судија во повисокиот суд.

Членот на Советот Мирсад Сурожи наведе дека гласал “За“, согласно правична застапеност бидејќи претходно кандидатот за кој гласал Бетим Јахја не го доби мнозинство гласа за овој кандидат , се работи за долгодоишен и стручен судија од организиран криминал работи со најсложени предмети, искусен судија кој добро ќе се справи со предизвизите во апелациониот суд .

Членот на Советот Весна Дамева наведе дека гласала “За“ согласно ранг листата .Со оглед да ова е четвртиот избран судија , особено е жално за оние судии од кривичен суд кои немаат можност да бидат сега избрани а се добри како и овој судија. Се работи за судија од организиран криминал, кој деноноќно работи имајќи предвид тежината и околностите кои придонесуваат да биде постојано во судница, а кога не е во судница да ги изготвува одлуките. Апелациониот суд Скопје има проблем околу ажурно постапување посебно со предмети сензитивни за јавноста, па било било кој судија од одделот за организиран криминал како единствено специјалзирано одделение ќе даде придонес во надминување на состојбата.

Членот на Советот Миљазим Мустафа наведе дека гласал “За“ за судија кој на последниот оглас не беше избран и беше жртва на одредни предмети кои беа во тек но сега со овој избор се исправа грешката кон судијата кој има позитивни резултати во работењето.

Членот на Советот Селим Адеми наведе дека гласал “За“ . смета дека дека изборот е задоцнет и истиот го заслужувал уште на претходниот оглас кога не му беше дадена довербата од Советот затоа што имал многу предмети во работа за решавање..

Членот на Советот Павлина Црвенковска наведе дека гласала “За“. Од неговата биографија бил академец, а од 2010година е избран за судија на основен кривичен суд, работи во одделот за организиран криминал , а предвид тежината на овие предмети, ангажираност и псоветеност, заслужено е избран за судија на повисок суд.

Членот на Советот Тања Чачарова Илиевска наведе дека гласала “За. Овој судија има исти бодови со судијата Ивица Стефановски и двајцата се квалитетни судии, но се одлучила за кандидатот Осман затоа што во досегашното работење важи за посветен судија, квалитетен при носење на одлуки и ќе даде допринос во работата на Апелациониот суд Скопје

Членот на Советот Ханиф Зендели наведе дека гласал “За“ се работи за искусен судија

Претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека гласал “За“ согласно ранг листата , и очекува истиот да продолжи со позитивна работа и во иднина

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека со изборот на овој кандидат Советот изврши избор на 4 судии на Апелациониот суд Скопје од кривична област . **Судиите Габриела Гајдова, Александра Ристевска, Весна Димишкова и Осман Шабани** го добија потребното мнозинство на гласови за избор и се избрани за судии за Апелациониот суд Скопје за кривична област.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев даде пауза во време од 13,50 часот до 14,10 часот.

По паузата се премина кон точката 2 од дневниот ред

Точка 2

**Разгледување на одлука на Управниот суд**

Во однос на точката 2 од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев наведе дека Управниот суд одлучувајќи по тужбата на тужителот Томислав Бошковски донесе пресуда со која тужбата на тужителот е усвоена, а решението на Судскиот совет со кое е ставено вон сила решението со кое му е продолжен мандатот на судијата, а со кое на судијата му е утврден престанок на судиската функција заради исполнување на услови за старосна пензија се поништува . Управниот суд смета дека е повреден законот на штета на тужителот со повреда на правата на постапката предвидени во глава XIV од Законот за општа управна постапка без да се наведе причините и правниот основ за ставање вон сила на управниот акт и поништување на правните последици кои ги предизвикува управниот акт, како и дека погрешно е применето материјалното право. Дадени се напставија при повторно одлучување на Судскиот совет , во таа насока да се има во предвид и одлуката на Уставниот суд У бр. 89.21, 90/21 и 114/21 за оспорениот член 2 од ЗРО кој се применува од денот на негово донесување и истиот нема ретроактивно повратно дејство, така што со тоа не е повреден членот 52 став 4 од Уставот. Наведе дека ова е едно од многуте решенија за кои Советот има изградено став и донесени се одлуки, а ова решенија беше на доисправка и мора денес да се одлучи во рамки на рокот кој истекува со утрешниот датум.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска која го повтори ставот дека за да се испочитува одлуката на Управниот суд треба да се донесе нова одлука со која ќе се утврди дека му престанува мандатот до кога му е продолжен до 06.02.2023 година бидејќи новиот Закон за работни односи ги регулира односите во иднина и несмее да се чепка во стекнатите права и во таа насока е и одлуката на Уставниот суд која овде различно се толкува .Наведе дека тоа е нејзиниот став од кој не отстапува.

За збор се јави членот на Советот Мери Радевска која останува на нејзиното извоеното мислење од 01.07.2022 година и смета дека не може да се задира во мандатот на тие на кои им е продолжен.

За збор се јави членот на Советот Ивица Николовски кој се согласува со претхоно кажаното и останува на истиот став дека стекнатото право треба да им биде признато и по истекот на ова право судијата стекнува услови за пензија

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева наведе дека нема нови околности и останувана на веќе претходно даден став од нејзина страна

За збор се јави членот на Советот Павлина Црвенковска која не се согласува дека одлуката на Уставен суд е во прилог на тоа дека станува збор за стекнато право, туку одлуката на Уставен суд токму го кажува спротивното дека не станува збор за стекнато право. Ова со оглед дека самата инцијатива до Уставен суд е поднесена на таа околност, па Уставниот суд вели дека наводите во иницијативата не ја доведуваат во прашање уставноста на оспорениот член 2 од ЗРО, и не се задира во веќе стекнатите права што значи тие ниту се оттуѓуваат ниту се одземаат.

За збор се јави членот на Советот Лорета Горгиева која смета дека секое право кое е надвор од законот неможе да се смета за стекнато право. Тоа значи дека ЗРО во своите преодни и завршни одредби вели дека сите овие стекнати права важат заклучно со 30.06.2022 година. Тоа значи на сите колеги на кои им бил претходно продолжен мандатот во претходните две години по условите од ЗРО во тој момент, може да се сметат за стекнати но само до овој датум 30.06.2022 година , после тоа неможе да се зборува за стекнати права бидејќи законот не ни дава временска рамка надвор од тоа.

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска која наведе дека при носење на новото решение да се почитуваат насоките од пресудата на Управниот суд и по однос на решението кое Советот го донело во 2021 година да се постапи согласно напатствијата на Управниот суд.

Со оглед дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот да се смета 30.06.3022 година како датум на престанок поради исполнување на услови за старосна пезнија

По гласањето се констатира дека се 7 гласа "За" и 5 гласа "Против" се донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

На Томислав Бошковски, судија на Основен суд Тетово заклучно со 30.06.2022 година му престанува судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија.

Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели констатира дека претседателот на Советот Сашко Георгиев ја напушти седницата поради службени обврски.

Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели премина кон точка 3 од дневниот ред.

**Точка 3. Разно**

1.Под 3-та точка од дневниот ред членот на Советот Мери Радевска наведе дека Апелациониот суд Штип има доставено од 14.11.2023 година барање за времено упатување на 3 судии од граѓанска област за вршење на судиската функција во апелациониот суд и приоритетно забрзано избирање на 2 судии по распишан оглас и смета дека доколку има можност да се изврши изборот што побрзо за да не се оди со делегирање на судии, затоа што се наведува дека на 01.12.2023 година ќе останат само 2 судии во Апелациониот суд Штип и нема да има услови з а работа.

Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели се обрати до претседателот на Комисијата за избор на судии во Апелациониот суд Штип да се произнесе за тоа до каде е постапката по огласот.

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска како претседател на Комисијата познато и е дека овој суд ќе остане со 1 граѓански судија ,но наведе дека се објавени два огласи за избор по 2 судии вкупно 4 судии и во оваа Комисија постапката е во почетна фаза , разгледани се навременост и комплетност на пријавите и прибивање на првите информации за добрата репутација на кандидатите, па за недела дена ќе се оди со известување до Советот за оваа прва фаза од постапката каде по огласот се пријавени 6 кандидати .

За збор се јави членот на Советот Лорета Горгиева како претседател на Комисијата формирана по првиот оглас за избор на судии во овој суд, наведе дека постапката е во завршна фаза пред изготвување на записник и образец за бодување на судии на која ранг листа потоа кандидатите имаат право на приговор пред Советот, па смета дека е добро да се оди со делегирање на судии или делегирање на предмети .

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева која наведе дека е алармантна ситуацијата со Апелациониот суд Штип и со оглед да постапката по огласот е во завршна фаза предлага да се почека на изборот на судии, а не да се оди со делегирање. Ова од причина што таа како Претседател на Комисија за анализа на места по судовите која има веќе доставено анализи со точно утврден број за Врховен суд на РСМ, Виш управен суд и за четирите апелациони судови и с е усвоени од Советот, прозилегува дека и други судови се соочуваат со недостаток на судии и ќе бара да се стави точка на дневен ред на некоја од наредите седници за распишување на оглас.

2.Под 3-та точка од дневниот ред членот на Советот Мирсад Суроји наведе дека и до него како координатот за работата на Основен суд Радовиш доставан е допис –ургенција од Основен суд Радовиш каде согласно систематизација се предвидени 6 судиски места, а во моментот е останат само 1 судија и претседателот на судот и од тие причини се бара делегирање на 1 судија .Овој суд во работа има 7.810 предмети а решени се 6.010 предмети што значи дека судот работи , но се предлага во најскоро време да се делегира судија а за судот од кој ќе биде делегиран судијата да се направи анализа. Наведе дека за ова доставен е допис и до Комисијата која ја прави анализата на судиски места по основните судови.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева наведе дека како претседател на оваа Комисија не е со истото запозната, но кажа дека интензивно се работи на привршување на анализата за судиски места по основните судови која треба да биде готова за една недела и до крајот на месецот. Предложи дека е добро да се размислува и за тоа местата во основните судови да се пополнуваат по хоризонтала.

3.Под 3-та точка од дневниот ред членот на Советот Селим Адеми наведе дека Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии на Апелациониот суд Скопје кој избор беше на дневен ред на денешната седница успешно ја заврши својата работа за што се заблагодари и на членовите на Комисијата судија Мери Радевска и Весна Дамева . Во однос на денешната седница смета дека Советот треба да излезе со соопштение кон јавноста, затоа што Советот како и досега треба да покаже дека е транспарентен во својата работа.

За збор се јави членот на Советот Лорета Георгиева со дополнување и со посебна благодарноста и до државниот советник кој учествуваше во сите овие постапки и во работата на Комисијата .

4.Под 3- та точка од дневниот ред членот на Советот Ивица Николовски наведе дека си земал за право и обврска предвид тежината на оваа седница да види повеќе литература како е обработено ова прашање, и дошол до заклучок дека не постои гарантирана метода која ќе даде едно општо задоволство за квалитетот за личноста да е олицетворение на судија , што значи дека не е потребна литература туку размена на искуства во однос на изборот на судиите.

По исцрпување на оваа точка од дневниот ред, заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели констатира дека е исцрпен дневниот ред од 464-та седницата и истата заврши во14,35 часот .

Тонското снимање е составен дел на овој записник.

**Судски совет на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател,**
**Сашко Георгиев**

Изработил:Јулијана Георгиевска , државен советник
Одобрил: Весна Толева, ВД Генерален секретар